

*Маја Белева* е родена во Куманово на 15 мај 1971 година. Дипломирала на институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје. Пишува поезија, проза и преведува. Живее и твори во Скопје.

ISBN 608-205-068-1
9 786082 050683

makavej@t-home.mk

МАЈА БЕЛЕВА ЧЕТИРИ ЧАСОТ ПОПЛАДНЕ

# МАЈА БЕЛЕВА

# ЧЕТИРИ ЧАСОТ ПОПЛАДНЕ



**Ослободување**

Нештата одѕвонуваат од внатре,
прозрачноста на духот ме носи,
љубовта избива како вулкан,
сепак и понатаму си седам.

Жубори на животот извор,
прекрасните пречисти води ги пијам
сакам  и да се нурнам, повторно,
сивилото покрај мене и во мене
ме скаменува.

Солзите се неодминлив пат на љубовта,
неразумието и неразбирањето на другите.
Јазикот за секого разбирлив го говорам
и би сакала сите да го разберат.

2.

## Чувства

Рабранетост од понорот,
вриеж и вртеж и гнилеж.
Сомневања, прекори и удари,
брауново движење,
слепост

Зраци наеднаш се разоткриле,
длабоко положени во скриени брегови
и во контрастот,
видливи за окото на оној што  бара.

3.

**Пробив**

Ткаенина на животот од
тенко платно порфино соткаена,
пејсажи на душата, врежани и сочувани,
посакувани, жаднеени.

Разбранетост

Сигнали од глубините,
препораки на разумот,
гласови од подземјето.
Црно или бело?
Сино.

Оклоп кој љубовта го има,
блика од светлина рељеф,
не толку древен.
Светлина Божја и  топла
ослободува

3.

**Спасение**

Милување на Промислата,
се ткае прегата животна.
Разнобојни лица,
очите трепераат во темнината.

Столбови од плач и молитва блескаат,
неуморно за љубов кон ближните
озарени утра во простување,
стрели на вдахновение.

Спокој си посеа во душата,
низ облици на ситост од убавина,
и никој низ платно не ќе ѕирне
за спас од трошни векови.

4.

**Клин**

Одговор ти давам
клинот не го вадам,
за светови неброени
да се исполнат.

Не пречека лагата во светот,
во зборој сушти се вплете
ако може се да земе
одејќи си.

5.

**Одговор**

*(Го слушам и гледам*
*твојот плач,*
*немар и смог*
*пареи здивени.)*

Подготви не достојно,
за да ликуваме.
Светост во црнила
постави ни!

Одговор предано давам
заборавени води, на
океанот разбрануван
(в душа потопени),
во спас призивам!

6.

**Кожа**

Во својот оклоп се кријам,
се двоумам за избор во вистина,
во молк ноќи преметнувам,
во строј!

Глава приклони дете,
сега или никогаш,
прими го овој опој мирисен
на дланка за тебе приготвен!

Сега и секогаш!

7.

**Нова твар**

Темни тунели и ладни ходници,
во светов беспаќа,
гнили строеви,
бунило и страв.

Препотени стази, ој поле ти на животот,
за Нова Твар сме создадени,
во оној час, во оној ден
мигновено

Во душа хумка неугледна и срамна,
на бег ќе натера мнозина,
небаре чума можна се шири,
а Царството бликнало во заметок,
идно!

8.

**Сон**

На првината од сите луѓе
на таткото на нас земните,
Адам прародителот,
во сон другка му дари.

Преку сонот ние мајката на сите ја
добивме, за поглед кон Него
да не тргаме, никогаш
миловен.

Не праќај невид на сон,
Ти што од љубов
во битие нас не повика.
На изборот Твој,

во пресрет Му итаме,
измиени ко чеда и обелени
за в Одаи приготвени да влеземе,
без ропот и негодување.

9.

**10.**
**Татко(вци)**

Да прозборам ќе можам ли
за татко ми, за сонцето
негово ранобудно,
милно на образ.

Да кажам ќе умеам ли
за мајка му, Неда и е име
како нежно му шепоти,
за прозби попатни.

Како и тогаш, одамна
така и сега, небото ѕвездено
го очекува трпеливо,
тој пој од градите.

Бачилата се далеку,
во сртови планински,
темнината скриена,
за детето е преголема.

Како и тогаш и сега,
очите на татко му, Атанас,
блудниот син не
го прекоруваат.

Синилото на тие очи,
до нас досега,
времето го пробива,
јадот го покрива.

И ти татко, очи заискри,
пламења избистри,
солзи покајни и молитви
љубовно изнедри!

Небото копнее татко,
природата воздивнува,
по синови изгубени
по планински вртешки,
пат да скрасат.

11.

**Перивој**

Во душа исполнета со
мирис благоухан,
тежнеам да го допрам
гримизот на Твојата одора,

да ја сетам благоста на
Ликот Твој, сеопеана,

да ја видам убоста
на молчанието Твое,

во радоста Твоја да се
укрепам, во исонот на
нежноста Твоја кон мене
најбедната, Богомајко!

Срце имам преисполнето со
трепет божествен, пред
одсјајот во мене,
на она чудо велико,

чија посредница стана,
Преблагословена, со поклон
благочестиво прибегнувам кон
Твојата закрила!

12.

**Свети Алексеј**

Во борба за светост
мажествено,
се извии над многумина
земни синови,

со жед за преголем подвиг,
по тага и трагање долго
со ангелски образ, далеку
од дома удостоен беше.

Борејќи се со пропадливоста
засветли со убавината на смерноста.
По море пловејќи во два правци,
од дома и назад,

откажувајќи се од сè,
Бога го најде. Скришум
во татков двор, бедно
откако повтор си дојде,

се извиши во молитвен пламен и
наместо во дворец, во колиба
трошна, последен, а прв, ти се збра.
Син мил дека си, по скончанието своe

ти им отрки, на најблиските свои

од солзи и плач изморени,
во просјакот синот свој возљубен,
преку писание на градите негови

положено, откривајќи го!
Закрилени од крепоста на
споменот твој себлажен оче
Алексеј, во радост и надеж
на Бога смело му благодариме!

13.

**Кандило**

***(на Анисија)***

За светол лик
пред Творецот наш, налеано
со масло од плодови земни,
и фитил мек,

во таа вооквиреност кружна, во која
се отсликува надежта наша,
преку треперењето на душата
во подготовка.

Светлино, на вселената
украс, оттаму нежно ти
за утеха извираш
осветлувајќи,

храмови, икони
души човечки,
молитвени и чисти
во пламен.

Принесувај сесрдно
страдание, осветлен благомирисен
про-зор се отворил
кон вечноста...

**14.**
**Просјак**

Талка во потраги
недодомени, недокуќени
талка соцелно
ерос;

Испиви бездн(о)и,
изливи са-ден и са-ноќ,
по улици и беспаќа,
благоволно, цари соцарно.

Граба од сенки,
луна потопува
зракој испревртени наводенува
танатос;

Бедни и гладни храни,
сомил ми ти лик
едноставен, долу подолу најдолу
дно допира...

еј, извира пречисто,
извор-точка спој,
ни ерос ни танатос,
од сино до Љубов!

15.

**Бигорски**

Под небото град монашки збран,
како чувар красотен,
среде природата изобилно подарена,
невистинито дури.

Тука е Дешат со снежните врвови
за доброутро извишен
и подготвен сечие око
да измие, со складот свој.

Во тој поредок нежен,
во тоа небесно созвучје на бои
за поглед од чардак ил прозор
се подава се во немост.

Копнежот за Бога со природа
тука е споен, со оставени воздишки,
на молитва сеноќна топла,
за знаен и незнаен.

А огледалото, низ кое сето ова

како светлина се прекршува,
во раскрилени зраци на сеќавање,
е Радика, која како лира

струни, лелеаво минувајќи низ сите
долчиња, камчиња и вирови,
за шумолењето свое да го додаде,
на совршената музика.

**16.**

**Сеарфим и Силуан**

Сиротиот Серафим,
и смирениот Силуан
од ширна *свјатаја Рус,*
истоци воздигнати се.

Првиот *бачушка* бил,
на сиот свет страден,
кој красотољубие свил,
под својот поглед мил.

Кон небо се вивнал,
од собче со самовар мало
во колиба осамена,
а, таа во шума со брези...

На сестрите свои, *сиротиците*
злато-порфирно плетиво,
духовно им дари за веки..
ко благослов од на Царицата Небесна
мисленикот.

Зошто секогаш снегот
толку умилно искри,
во зраците умствени,
така топло и нетварно;

Дал по мене тоа наврна,
раскрилен снежен покров,
во меќавата Божја,
на страданијата наши?

Во сребро ме обви,
стрели сребрикави ме погодија,
тој скр(а)с на топлосрдечната
милосност на постоењето.

Вториот пак, смиреномудар
тиходелател,  низ мугри
и ноќи ѕвездени нишки
молитвени влече,

за чеда по свет развеани,
 жедби љубов неискапна,
извици, крици и повици,
за спас, услишени да се!

Песнопој по Адама испеа,
од копнеж по градината,
по свилените долини,
раскрилените суштини.

Срцето понори испи,
затаи умот пред  сон зол,
а Он од икона слезе потоа
призван од галби Мајчини

За кротоста Божја ни пееш
отче, за милоста Негова,
за болката на Мајка Му,
незимерна нејзина и наша.

Свидетел на светлоста нетварна,
разговор непрестан во тишини
со Творецот љубовно недриш,
за чедата твои да ги обвие!

Сиротиот Серафим,
и смирениот Силуан
 од ширна *свјатаја Рус,*
истоци воздигнати се.

17.

**Варош**

Слики, патеки и возови

во Варош кај кулите Маркови
не донесоа, анеглите химни пееа
и со крилјата свои,
да стасаме ни помагаа.

Врежаниот во карпите манастир
мајчински не повика
крај крајпатен фрескопис,
со бои небесни нарисан
во светлите свои одаи и конаци.

Тогаш во одот на вселената чекоревме
таму по падините, на чардак ширен
да се најдеме, кај службата в Црква
безвремено се раширила...

Внатре пак, чуда не пречекаа
ликови мили и души предобри
збрани тихо фалба на Архангелот
Михаил да му воспеат.

И оттука како на почеток,
кон предели благословени,
на Домостројот божји се
упативме, прозби и чуства
благодарни на Бога воздавајќи Му!

18.
**Отец**

Милост барам, а не правда,
се ројат осолзени зори,
смерност а, не ропот,
со ѕвездите помирување.

Божји благослов, рака на
помилување, разрешение,
слово се глаголи измолено,

слово на умоление.

Душа за тишината отворена,
едно со неа, во умозрение,
узор таа ни стана, беспрекорен,
извор на зраци милосливи.

Тој заклон на љубовта, подарен,
не оттргна кај себе, за да не сочува
и не не дава да се препнеме
на се она што долу не влече
душа да ни зароби!

**19.**

**Жена воин**

Не сосем покревки коски твои,
во себе земјата носи,
нит останки малку во сила
нит непокор, жено борбена!

И не се сал коски, дамнешни
и не така тешко во слики те има
како го штитиш родот свој
со оружје клето нарамена и коњ.

Разноимена си, мајко доилке,
ти подои племиња славни,
и етос твој е кеносис сам,
а песната молитва твоја.

Од коските твои радосно извираш,
и не за тага земјата појот свој го дава,
а, тие пак се ездат, со обетки и гривни,
накитени сјајно во милост.

Од срце ги красиш шамиите, скутачите
и леб од твоите раце, миризлив
во лесно запечни овални форми,
и боја за глед, принесуваш и дариш!

Во заброрав не се подвизите твои,
и ечи и извира во полет јак,
жено воину, она што ти за братот свој
за маж и деца родни, закитена со прстен

од небоземна љубов искован го стори!

Красните украси искрат од глава,
од појас, се гиба ставата стројна,
но, најголем украс е нежноста твоја,
најубав показ љубовта..

...која мракот го пали, денот го топи
облик му дава на почетокот и крајот!
Воинствена во си и остани, во љубовта
во маките и трпението, жено борбена!

**20.**

**Море**

Море мое, еве ме дојдов
не плаши се,
да те испијам не дојдов,
иако жедтта ме гори!

Твоите форми море,
твојот говор и музика,
мене ме довикува,
кон твоите кружни длабини.

Огледало бескрајно,
дали можам душата, во тебе
да си ја огледам, море,
шир широчино...

Далги вековни извишени,
серадосна таго, пенлива
сета вселена се збрала во тебе,
во плимата и осеката.

И се да изроморам,
како рипка во водите твои
море, оддек ќе најдам
одговор ќе слушнам!

Небото се побратимило
со моето море ангелско,
кое на убоста крошна во
струите свои си примило.

И така сета вода нам ни
се дала и ни служи; а,
тие четири слова се доволни
разбрана од тебе, море да бидам.

Ѕвездена шир морска,
големина за мене доволна...
круг-море,
вода.

**21.**

## **Куќа од картон**

Куќа, кула, тврдина
осаменица пуста,
во изгреви порасната
душа-дом.

Наспроти куќа раскошна
срамен шатор,
куќа од картон,
обесјаена и тажна.

Каде ти се куќо дрвата,
твоите окна велики,
черги и носии,
јамболии румени!

Градините душо изгубени,
осојници и слани,
дремеж и лажен сон,
ги покрија!

Рељефните украси твои дому,
вековното воодушевување
од светлините, проѕирните струења
во заборав не ли се!

Во каква соба духот да се збере?
Во трперењата ли на еластичните
облици или  во повеќепати
затвораните и отвораните
врати.

Проѕемната е куќата картонска,
ликовите во неа накиснале,
се збрчкале од јадот и немирот,
тие непокорни поборници на убавината.

Игло и градина јапонска,
наспроти мојата куќа со чардаци,
куќа среде полиња,
куќа заборавена
македонска.

22.

**Жед -молитва**

*Рим-Охрид-Цетиње*

Жедта не успеа морињта да ги
пресуши, синилото не избледе,
а питката вода на познанието,
само го разубави осамениот залив.

Тибар и морето Тиренско свој
призвук донесоа, крај мошти
Климентови да се освети,
со белата светлина на езерото
да се облече.

О, крај морето под планината,
тој призвук само, во камената убавина,
мелодија неотпевлива стана,
над замаглените врвови извишена.

Се глаголат зборовите на вечноста
во светот кој една сцена е,
на плажата на моми црнориски,
чии усни мелодија певлива точат!

23.
**Копнеж**

Копнее душата кон Бога,
да се приврзе,
кај Отецот да се свие,
како дете.

Така, очите се во сино
обојуваат,
и со силината на копнежот,
се разубавуваат.

Копнее срцето, се во едно
да збере,
толку силно, толку јако
за да одекне во неизмерноста
на љубовта.

24.

**Покајание**

Во низините на умот свој,
во плачот на срцето,
во болката душевна,
роза да бидеш посакај,
покриена со белоста од
крило гулабово.

Прекрасна роза црвена,
напоена  со роса чиста,
под звездите расцветана,
роза озарена,
во дворовите на Отецот посадена,
роза непрелажана.

Со бело крило гулабово допрена,
мирисот свој го извишува кон Небесата,
роза возљубена,
други рози раѓајќи,
во откупот Очев се вчислува,
со плачот на утробата своја!

Роза во оган се извива,
во пламен кој не согорува,
роза која мразот не ја зафаќа,
*со мислите во адот поставена,*
*роза неочајана!*

**25.**

**Убавина**

Мозаици со пауни не водат
до изворот чист да пиеме,
пауните со китните глави поднавалени,
очекуваат нивниот пример
да го следиме.

Во смерни бои украсени,
нарцисите и пауните, во чинот
на венчание во виртуелна базилика
каде крај тулови бели и срмени,

кристални води извираат,

срната жедна ја пречекаа,
 која гори и планини претрчала,
да поита,
кристални води да пие,
лилјани да донесе.

По тој чин со кандила и свеќи,
присутните откинати од светот,
со маченици и пророци придружени,
нарубени, со лилјани и пламени накитени,
го бараат слојот на реалноста.

*Убавината ќе го спаси светот!*

**26.**

**Мајка(и)**

Роса, капка, дојди!
Сокриена ли е,
во ширините,
таа, се пронаоѓа ли
во тишините!

Трага, тага, ела!
Белост, смелост,
се носи со себе таа,
и во ту”ини и во
близини.

Се либам во стихов,
скуден,
мојот скриен збир од
мајки и мајчинства да го
испеам.

Стани, оди, и врати се
во тој необичен спој
и хемија волшебна,
 сега нарисана,  сега врамена.

Слободни и славни,
не ќе траат, планините,
без неа, пустелии безводни,
ќе се тркалаат во низините,
*и би царувале во мене*
*ожеднета...*

Конечно, сепак,
ја пронајдов, го исплетов
ликот нејзин копнежливо,
макотрпно го везев, очудувајќи се
и не престанав сеуште...

Капка, стапка, болка, очај, стој!
Внуши, мајко и разбери
дека на смирение и богомудрие,
да се научиме треба.

# Бои

## Бело

***Бело**:* светлината на денот,
призми и брзина на претекнување,
низ играта спокојна со итрост чедна,
во издигнување на славословието!

***Лик:*** се издига вжарена искра,
припитомено созвездие во глинен сад,
стапки вечни остава, забрзувајќи се
низ кревкостите нежни.....

**Звук**: се ниже одсјајот на трперењето,
низ наслагите на времето во првиот шум,
се отвораат мугрите звуковни
на шепотењето топло и призивање.

**Слика**: можното и неможното во боја,
слика на слога и судир, здравје и болест,
светло и сенка, патување и враќање,
смрт и сон, вера, надеж и љубов..

**2.**
**Крин и кала**

Ај, си одиме**,**
ќе скитаме во невид,
низ пребели полја,
Пелагонија светло-зарна;

Реките во зима,
ко плетенки исплетени,
ќе ги чуваме,
први пукотини заледени
ќе газиме.

Експлозии, вулкани,
задача: преобликување,
црвено и бело,
капки од крв.

Си појдовме веќе,
нурнати во белината
на калата и кринот
крстообразно.

Чисто како кала,
бело како крин,
е покајанието,
со црвено наросено.

Дојдовме на себе, низ
дни страдни, дни солзни,
бисер до бисер нанижани,
од укор до самоукор.

Се буди љубената,
слово поучно откако слушна,
крај јаболкницата,
се буди заспаната.

Обелен ко букет од
кали и кринови, светот
ни го воздаваш, ти Боже
и Човеку, Лику на Љубовта.

3.

**Жолто**

Лисја есенски, жолти цвеќиња
се пожолтуваат и позлатуваат,
златестиот прав на вистината,
како сценографија, не ни пречи.

Сончоглед и пченка, стогови сено
со мали патеки и долови разубавени,
 во нерамни квадрати распрскани,
како измешани множества од
зелено, жолто, златно...

Тревки и огради, житни полиња
тече матната река како осуда,
далечни езера, води и извори
недопирливо исцелување.

Летна жега, рофка земја
струјат млазеви од зборови,
во умот детска песна, раскината
во фрагменти на сеќавањето

**4.**

**Окерни неба**

Лице небесно преукрасено,
окерна убавина лее,
еј, каде се разлева таа во семирот,
постои ли граница таква?

Малите вредни честички,
серојат околу нежните линии,
бројот им е непознат,
на посведочената длабина.

Може ли делбено да се отвори,
слоеви да се расплетат,
на соодносот ме"у она окерно
со очи и усни?

Лак од нимба, кружи крај
сомилосен поглед од лика
на Богородица,
не на *Мона Лиза* ни *Мадона*.

Плач срдечен ,
под белите набори очни, солза,
а не насмев,
од крај на усна презирен.

Дал профил ил анфас ќе нарисам,
од лице-небо, од дворци незнајни,
ил овал од брада окерен над риза

навален, не е важно...

5.

**Песна**

Божилак од бои се јави,
вистина за бескрајот да пренесе.
Небото во копнеж се капе,
нашата желба за игра  да ја  прифати.

Вода за очистување обилно примаме,
очекувајќи ја се радуваме, пееме
словата наши за словест дадени
сакаме да ги сочуваме.

Силни ветрови дочекуваме и повикуваме,
како она по што се познаваме,
така се залетуваме, на крилјата нивни
за да полетаме...

И уште нешто: доблест и красота,
како врв поставаме и за цел
нивно делче даруваме, и сокриено, тајно
од изворот во шари душа наросуваме!

**6.**

**Лик,** *икона, образ*

Корупките на битието
ми се симнаа,
и приемчива станав
за ноуменалното
како јадро.

Се симна превезот,
се симна *маската*,
и контуруте се образуваа
во својот вистински лик.

Ликот се јави како нишки мноштво,
на поврзување поме”у,

горниот и долниот свет,
душта отворена ми стана.

Границите на спознајното,
се раскрилија над безвремените,
хоризонти,
кои приближувајќи се,
наликуваат на прелевање
во просторот на
иконата.

**7.**

**Порфир-Црвено**

Делче мое црвено, помош моја
утехо,надеж, убавино! Твоја свила сум,
мазна и светкава, се кријам зад твоите,
набори раскошни, за да не побегнам;

Сите нијанси твои в срце ги положив,
во креации неможни и единствни,
во ткаенини мрежести и прозирни,
кои ги прибирам, за да се (из)држам.

Љубов моја, разгорена до крај
љубов моја непронајдена, женственост
моја недопирлива, во црвенилото на нештата,
во моите сопствени порфири!

Патоказ невидлив си, осамен премин
и пресилен облак си дождовен,
те следам во вишноста, во погледот
не оди си никогаш!

**8.**

**Кафено**

Земјо, земјо, мајко
прав ли си ти?
Полна и преполна,
исполнета си!

Небо и земја-равенство,
молња и земја-еднакво!
Облаците вода ти носат,

каде ги сокри убавините?

Слегуваме упатени нагоре,
слегуваме за да се искачиме,
повои шарени ни дариш,
украси и прстења.

Украдени од богатството твое,
изнедрени од утробата твоја,
минералите твои, покрови,
ни исплеле толку топли,
толку присни.

Земјо, круг и камен,
земјо вечен стамен,
земјо лечебна,
земјо-змијо!

Твоите сокровишта,
можеби пат значат,
можеби каниш и повикуваш
можеби кудиш!

Дали доволно впи земјо ти?

**9.**

**Покриви**

Тие се крилја во најубавата
земна боја,
тие се пеперутки далги,
триаголници без основа,
спокој.

Тие се моите мајки,
моето превозно средство,
мојот светоглед
мојот правец.

Крлушки од риба се керамидите
некаква корупка, стража,
звучна одреденост, сјај.
Ја чуствувам

топлината која струи,
низ боите есенски на дрвјата
разлелеани ,
чие лисје танцува

на свадбите на керамидите.

Го бојат тие просторот
на животот,  на средбите,
оддолу гледани се како заклон
 од споени  полугкругови.

Рака се која штити и милува,
радост се во утрата замаглени,
око кое бдее се,
утеха на патишата,

темно црвено земно,
Л во агол,
едно поткровје,
во мноштвото кровје
еден живот.

**10.**

**Златно**

Не е боја,
тоа е треморот на вековите,
лач духовен на иконата,
бескраен поглед,
оттука извира ликот.

Сонца во боја собрани,
мноштво светулки во мракот,
жар,
се истргнува минливото,
кон вечноста.

Метал кој лебди,
достоинство,
боја која во реки тече,
нетлена,

боја на озарување,
вечен идентитет;
 златото навира божествено,
извира торжествено,

таа на светлината суштина,
метаморфоза,
преобликување на убавината,
срце разнежнето,
кон светиот целив.

**11.**

**Сиво**

Иситнет потенцијал,
микрокосмос на кругот,
атомизирани форми,
прашина >почеток

Отплетени нишки на вистината,
ко коси изгазени,
лебди можниот живот на световите,
над сивилото.

Се огледува во светлината на луната
Премудроста,
и со силината на тој двиг взаемен
можноста во точки
посребрува.

Сивиот поинтилизам
процветува во Софија,
во бегство од црното
сивото
станува прекрасно.

Во насетувањата,
дочекувањата, во спознанието
во исчекувањата,
во копнежот по одтајнување на
мистирионот,

во себезапретувањето во загатки,
во радоста на одгатнувањето,
во непрестајната игра со детството,
му подава рака Софија
на сивото.

Косите нејзини во плетенки
разнобојни се исплетени,
кои поривот по убавина ги исплете,
и со сребрени и златни монистри се украсени,
среќата што деца на Бога сме
да се покаже.

**12.**

**Светло сино**

Жедна ми е душата
за светло сино,
облици светло сини посакува,
спокој за да најде.

Во детството роден облик:
сите негови цветови во
прекрасен светло син двор
посадени.

Од копнеж по совршенство
облик кој ита кон очи на родителот,
црквичка со светло син покрив
на вулкански остров изградена.

Градот пак, е заграден и чуван,
со светло сини манастири,
со теснеци од карпи обрабени,
облик за тихание и созерцание;

Нов облик: светло син одглас
кој ита во водите смарагдни да се огледа,
со гранките и  крошните од дрвјата да запее,
кон небесата да се извиши!

***Царството Божјо е внатре во нас!***

**13.**

**Слика**

Зошто да стои тој толку
прекрасен пејсаж,
зошто да на трепети,
да не блика, да не избликнува.

Ни говори ли, повеќе застанат,
или спротивностите поканети
од светлината,  можат да ни глаголат
и движејќи се, бранувајќи се.

Сите бои се разгорени,
во рамките на поларитетите,
сите сцени танцуваат,
во сликите подвижни.

Во нив на светот постанокот
бескрајната таа убавина,
заедно со ликот човечки,
на созданието круна,

создава таква јасност, таква смелост,
таков симбол вооквирен,
на суштината таков излив,

така смирено познание.

***Сотворење***

*Пат, долг , мачен,*
*изминуваат белите ленти,*
*ламби-знак и тунели,*
*тука започнува се.*

*Зона: влегуваме во меѓите*
*на внатрешното, секој особено,*
*на свој начин, и на крајот соба*
*и врата...*

**14.**

**Розево**

Имам розева навика
да те сакам,
под розевиот чадор со бели туфни,
и не го очекувам најпосакуваното,
а го барам!

24 рози розеви и бонсаи
примени на денот на Мироносиците,
се чинат како розевите делчиња
од мозаикот-живот.

Розево те љубам,
и не те приморувам
и ти да ме љубиш еднакво,
со силина на смртта.

Го оставам розевото
на сечија радост
и бесплатно користење,
го постилам под нозете на сите.

Му допуштам на исказов
да се рашири насекаде,
нека знаат сите,
колку е розева мојата љубов!

Битието човечко
кое пред тајната на љубовта
исплашено вреска,
може ли, во розево да го повијам,
со розево да го освежам?

***Па, да и тоа е боја...***

15.

**Лист-Зелено**

Понекогаш, извори миризливи,
во земјата на исконот откако
жаднеејќи бев, на незаборав,
на ливче пронаоѓам.

Понекогаш, пејсажот на листот,
сенчестата милост негова,
како покривка на душата
од пат уморна, го полагам.

Понекогаш, под крошните разгранети,
скришниот танц на лисјето,
упорно не повикува, да го бараме
патот кон чистото небеско синило.

Секогаш, листот одвеан,
на жилите свои раскрилени, како по
патеки не запира, и кон зеленилото
на спомените и  на семирот таинствен,
в срце скриено, не испраќа.

**16.**
**Темно и светло зелено**

Силвестер и Силвана
во облеки од борови иглички,
осјаени од  корите на стеблата,
фатени со рацете од мов меки,
заплакани во измаглиците на мугрите,
со нозете речиси зелени,
талакјќи околу езерата горски,
Пина ја побараа.

Се изобрази Пина очекуваната
во младоста на хлорофилот,
преку спрегите на воздухот,
во земјините длапки наросени,
тежнеејќи кон најнежното зелено,
онаму каде што извојуваниот светлозелен,
пастел му благодари на сонцето,
за дејството на неговото позлатување.

Во прекрасната утринска проѕирност на денот,
кога вителите на етерот,
во целост со горите темнозелени,
се оддаваат на ни од што попречен разговор,
договарање и довикување, пришепнување,
на меѓусебната привлечност,
ја сретнаа Пина подготвената,
Силвестер и Силвана.

Пина девствена, чиста, измиена,
токму кога пладнето затреперува низ безбројни призми,
откако ѕирна низ обрачот каде световите се прелеваат
на средба благодарна со Силвестер и Силвана,
шишарки росни и бршлени тивки,
мирисни цветови небудни,
костени прелеани со амвросија медна,
на дар дари,
поради радост за дарот на животот.

**17.**

**Боите на крстот**

Море, карпа, тишина
контраст меѓу молкот и
пcламопојанијата на
една рана служба.

Колоритна бескрајност
во мугрите на градините
со овошки и цвеќина полни,
од тихо ветре галени.

Неодреденоста на утрата,
недореченоста на жегите,
непопустливоста на ноќите,
покриени со вел од молитви
лечебни.

Синилото, тоа синило недопрено,
таа копнежливост вечна,

прекрасна насмевка на девојчето
поверлив поглед на детето.

Ољубовени патишта,
ентелехија и евтихија,
призми на можното,
еден ден, една средба
и потоа вечност.

Море, кубе, крст...

**18.**
**Темно сино**

Гледајќи ја иконата Христова синајска,
рацеве со ѕуници обоени ми се,
Христовата икона охридска,
на косиве езера ми исплетува.

Во Света Троица на Рубљов вгледана,
застанува времето и отсјајува во мене
темносиното, ветрето на созданието ме милува,
ангелите за нозете им боси ги држам.

Три ангели на трпеза седат,
случајно кога минувале, нагостени биле;
под четката во раката на иконописецот,
световите се бореле.

Коњи бели со гриви лелеави
низ води трчаат,
да опстане светот едно дете помогна,
звоното со вера излевајќи го!

Со нетварен оган свеќа запалена,
да угасне не смее,
крошните на дрвјата ветрот ги лулее,
во куќа дождови врнат.

Гнездо мало, куќичка мала
налик на совеста на дланка,
се воплотуваат измислените светови во
лавиринтот на Минотауро т.

Човек смирен, кој од радоста
на детските очи живее,
куќата своја љубена ја запалува,
бремињата на ближните да ги понесе,

законот Христов да го исполни.

***Убавината оди заедно со срамот, со чедноста...***

**19.**

**Звук**

Чуствата во одсјај,
со кадеж и лазур питани,
со врвови и дна откривани
во симболот изгреваат.

Во душа елементите
се бараат и пронаоѓаат ,
на лицето и опачината,
на спознанието.

Ете таа претстава, облик
тоа читање, кон звукот
не води, кон пеењето,
истоштанието.

И заоѓа симболот во постоењето
раѓајќи ја суштината,
низ ерос огледало,
непокорливо стои музиката
создадена.

Сотворејќи низ убавина,
со смртта како влез во внатрешното,
звукот долг пат ќе помине,
кон очи насолзени.

**21**.

**Гримиз-Модро-Виолетово**

Небо едно гримизно
во тие модри сводови на муграта,
посакавме, исправени во ноќта
на светот да му подариме.

Како дар на бедние сеноќно
на тој Кораб залулан, од Христа

го измоливме, занемени пред
 ѕвездената порака на светлината.

Во  борбата на ноќта со денот,
во тоа раѓање чудесно,
 над хоризонтот зажарен, пред огнената
желба на денот да избликне,
небото гримизно на дар го добивме.

**22.**

**Шарено**

Многу невкус има, шаренило
а сепак, од зрак протнат
 низ слаткото од дуњи,
се запрашав...

отаде раја разграјана,
отаде нечеловечнста,
зад миксот калеидоскопски,
дал, тих свиок се дал?

Многу раскош, богатство
нерамномерно изронет(о),
врз плеќи земјини се вдал,
се издал ил задал,

недал недаден недар,
а, газење и грабеж е,
таа противречност,
на заслуженото.

Шарено, ниско,грубо
зор отвори, зари, лачи
лични, премили, глобоки да видиш,
во душа чиста, детска...

**23.**

**Црно**

Се е затворено,
заклучени се вратите,
испаруваат црните локви по улиците,
студенилото демне,
надежта куца...

Да заспие несака сирачето,
та сонот е како смрт,

ако нема зошто повторно
да се разбудиш
наутро.

Совеста ѕемне,
пред очи се мрачи,
дамките кои темнината ги впила,
тешко е
да се избелат.

Се врти околу оската своја Земјата,
љубената пак роза во водите
смрзнати е потоната;
врвејќи кон зорите, заспаноста,
мразот го растопува.

Несакам да всонам пред мракот,
недавам срце да ми испие,
во простори безводни да ослепам
не одам,
Господи, Глубино!

Го држи Господ светов,
неколку луѓе ради,
кои молитва од гради извишуваат,
во спокојот на пустините камени,
во пештерите ладни, а од нив
стоплени.

Господи желбо најпосакувана,
дверите отвори ги,
портите отклучи ги,
Ти што рацете Свои ги рашири,
розата сакана да ја прегрнеш,
Ти што Отец си!

**24.**

**Невен-Портокалово**

Радоста на летото со него е накитена,
портоколав спој на светови,
в дружба со свиден босилек,
краси глава на девојка.

Означен како невенлив, призван е
средба на крилја свештена,
да дарува, ко од длабини на времето,
и цвет е на невестата.

Босилек пред прагови, и невен

чистота и благоуханост, насмевки
на пат испраќа, таму кај што ги нема,
и заедно со босилек в раце е на граѓанката.

**25.**

**Луна - Сребрено**

Сјајот на школките е навезен,
на тло од заоблена лепеза, која
во спокој песната морска ја создава,
од трепетот на луната.

Одзивот на таа песна со векови пеена
издлабена филиграски во времето,
во парчиња од сребро луната ги расфрла,
од Бога вдахновена.

Искричат снегот и луната, низ прозор
отворен за луна по срце блиска,
која нежно солзи седефести кон извор
навалува.

Луно блиска, сребрено покриј ме,
во седеф искапи ме, снегулките заискрени,
во утрата заледени за друшки подари ми ги,
пристапувам во одзивот на моријата
осамени во ноќта.

**25.**

**Сино**

Облак-водопад над Шара се излева,
капат сини солзи океански,
мијат лица суви,
врне сино лисје,
мелем-покривка врз очи,
темно сини ниви небесни,
Fontana di Trevi во сино,
сини бури, далги и виори.

Поточе низ пештери подземни понира,
а низ сина експлозија молекулска,
ѕвездите морски и небесни
местата да си ги заменат решија,
и бојата да ја променат одлучија,
и мене ме запрашаа,
нијансата точна за да ја пронајдат,

кое море да го препливаат!

Од врв поточе тихо слегува,
и кревајќи го  лицето свое во него потопено,
во тие красни микстури сини ,
кои од врвови планински дотекуваат,
на земи спружена,
мигум им одговорив, каде се наоѓа морето
чија нијанса ја бараат.

Сите морињa, бури, далги и виори застанаа,
причекаа, послушаа, во дослух се запрашаа:
*дали доволна е синевина?*
*Да не погрешивме нешто?*
*Срце ни боде синото!*
*Душа ни кине сјајот син!*
*Каде е изворот нивен!*

Одлуката на соборот за сино свикан,
ја одгонетна загатката,  за потребата
да се побара и бара, дава и споделува,
во потполна слобода од се друго,останато
она внатрешно во длабини положено,
 широко, длабоко и високо
најинтезивно  сино синило синевина

Сини вулкани откопувам, сина лава
стопена, се фрла во височини и искри , обликувајќи
невидливи сини пораки воздушни,
за присутноста своја, суштноста, убоста (*не одминувај*!)
 сињо се стопувам и потопувам,   се молам
да не држи синото, високото, широкото, длабокото
на гранките од тоа сино дрво вековно разгрането!

**26.**

**Незнаен град**

Во овој незнаен град
во оваа незнајна земја,
натопена со миро,
каде се веселбите стари
со зурли и гајди?

Каде е жагорот оставен
од предците,

каде се старите камења,
базиликите кружни,
престолнините?

Крикот изнемоштен
се преде на разбоите,
крикот на височините
виси над врвовите,
крикот незауздан,
искри во квечерините!

Како се вика овој незнаен град,
во земјата непозната;
обата опеани и засрамени,
налактени врз пророштвата,
овој град во земјата мајка,
се протегнал кон неосојното.

Каде се маглите црвени,
каде е посребрениот песок,
убавините недопрени,
каде се текстурите прекрасни,
на внатрешното проникнување?

Крикот беспоштеден,
го ткаат ткајачките,
крикот на длабините,
се збира над амбисите,
крикот непокајан
чека да прототатни!

Михаил и Евтихиј,
ѕидови бели разблеснуваат,
иноците во убавина се внедруваат,
како се разбегаа трите морињa,
толку многу, многу далеку од нас?

Како оваа земја на даровите,
овој град на слоевите,
лика Јустинијанова,
од исходиште и средоточие,
свратиште стана,
на преметнување и избегнување!

Да, крикот неразбран, крикот неуслишан
се вее на преѓите,
крикот на ширините
ечи низ пукотините,
крикот сомнежен
самне во невидниниte!

Зошто е толку тешко,

во оваа земја без пасишта,
оваа долина небопад(на) и небосклон(а),
во овој град на ископини кои пискаат,
зошто толку да се бориме,
кога белите коњи веќе ништо не значат?

**27.**

**Луѓе непознати**

Низ улиците на овој град
одејќи, аглите очни,
со бои ги точам,
во луѓево извор-боја,
препознавам.

Со костим и коса,
дал овие граѓани,
под красните прамени,
образ украсуваат?

Вековита преѓа лека,
тенка, ткаенина-душа,
се исплела страдно,
во убост потполна.

Со конците свилени,
волна и кадифе, нежно
накитени, креација-лик
со нив е споена.

Од внатре кон надвор,
вчекорувам назад,
со загатка една,
како се бои со душа,
поврзани?

Порфир и гримиз од вас
луѓе, побарав, за лачот
нивен прозирен, гледот мој,
да го нахрани.

**28.**

**Молитва**

Се нишаат трите тополи
на моето детство, само
мостот од камен остана крај
урнатините, во блесок замре

градот.

Бабо, слушни дека Аксиј,
не заборава, да ни говори,
дека сите приказни
од сите реки ги знае.

Знаеш ли, дека тука ги
пречекавме сите благослови,
нудејќи му нему придружба,
дури и со него заедно
протекувајќи.

Во сините очи на отецот,
се уверив, бабо, дека свето е
онаму каде што се живее свето,
и дека постот е нашиот живот.

Тече реката на моето детство,
кон на Прохор Светиот, манастирот...
...бабо, сите облици на светот се возглавуваат
со неколку збора...

***Јехошуа Мешија ха не ни!***

## *Четири часот попладне*

### Време

Сивило. Мојот свет
ми минува пред очи,
налик на статуа се опирам
пред струењата.

Точки. Многу силно
ги доживувам, а се
е толку излеано во нив,
една до друга....

надвременото сивило се издига
отаде времето,
отаде просторот
отаде видливото.

Сликите се преточуваат,
нема напред и назад,
нема правец,

постои само овде и сега!

Сивило и точки вон времето се одбиле,
префинетоста ме повикува,
да ми помогне да го изградам
својот свет.

**Периоди бело време**

Се од бело се одмотува
од изворот на белините,
се слеваат
пределите и периодите измиени.

Го влече копнежот белото
блескавоста чиста поразува,
предел недопрен стои немо,
спремен за одтајнување.

И ова време е бело во можност
заитано кон пределите на белото,
кои биле тука ненаметливо
секогаш присутни.

**Почеток во бело**

Во белото има спокој, време
насобрано,
кон белото се пронаоѓам
себе.

Белото е почеток,
се во себе збира,
зборој и бои
запретани,

стојам пред неговата
непобитност, преплавена
од среќа и блаженство
и знам дека сега, почнувам.

**Девојче во бела риза**

Во бела риза облечено
девојче со крила,
пат ми покажува
за да не паднам.

Разбранети и раскрилени
небоземни одежди
носи убоста
негова неземна.

Девојче во руба везена
од конци свилени,
пребели и прекрасни,
слика само за мене!

Ангел ќе е тоа милото,
во добрини изнедрено,
во љубов потопено,
за божествена хармонија.

Ја чу ли таа музика дете,
ја пееш ли уште,
дар од Бога е знај,
милост на лира отсвирена!

Миговна сплотеност
со мајка си
згасна во пролет,
а така мило надојде.

**Границите на белото**

Во понори се спушта
не по своја вина, оној
кој во бело се родил,
оној кој само чекал.

Само девојче ли сум,
во спојот на сите копнежи
и средби, само една во
болка убавина.

Без страв од длабините,
се одмотува од белото,
од границите негови,
патот кон детството.

Кон добрини полетај
душо, и погледај
сознајни предели прекрасни
во себе понеси!

**Овоштарник**

1.

Согледана слика: за благост
дадена, сепак неповратно
се губи, оти само во љубовта
постои.

Старец оддаден нему*,
како да нема заклон,
од зацрнетите облаци,
друг освен него*.

И води има, течат
цветовите се наткрилени
со георгос маж,
силен а, толку благ.

Пукнатина: толку ли
стамен потрес е нужен
да се присоединат светови
во извиени скокови

за поврат на се добро
спечалено, во љубов,
кое ќе стане непрестајно
рамка на миризливата
сушност.

2.

Природо, толку ли далечна
ми стана, старецот осамен
во фикции живее, вели:
*дека е толку многу стамен*.

Природо, те оставив
соковите пресушија,
но, ти сепак не го спаси
оној кој те љуби.

Реката пак, само оддекот
свој го даваше оддалеку,
а не одговорот
на расцветаните прашања.

3.

Жената соработничка,

не окропи со љубовта
не го избегна тоа,
додека старецот иташе
кон овоштарникот.

Пет часот. Тоа толку
обоено време, те раѓа
во убавина и смелост,
во рана пролет.

Два кревети. Железни.
Ќе го чекам писмото
на овоштарникот, навалена
на моите кревки мисли

Чистото зелено негово
е распослано во далечините
а денот ја носи благоста
на облостите.

4.

Овоштарникот нуди
пролетни јаболка,
киселкасто-благи
од раката на старецот

Осамен крај убавини,
во дружба со дождовите
се опира на смртта тој,
прв меѓу нас сите.

Повторно такви дарови
природата нема да дари,
старче, љубовта
ја сетив.

Реката доаѓа да помогне
носена од ветрот
крај прозорот тмурен
повторно.

5.

Вкусот на пролетта во
во утрата, светло-зелен
гриз и небо, тоа љубовта ја
поттикна  во радосниот
чардак.

Светлото ја гони

непоканетата тмурност,
овде нема простор
за колебање

Одекот и помошта на реката
на луѓето добри,
на таа љубовна целост
Боже, ме порасна!

Совршен спој на мало катче,
малку љубов, нежност
Црква и ѕвона,
лулеење, мое место.

6.

Извор има во тоа собче
со чардак, слобода
бескрајна
повик за вечност,

зошто, некои луѓе имаат
многу малку,
малку време среќа
потполна

но, доволна да испее
преку срцето нивно
песни на времето
безвремено.

7.

Овоштарникот, пее
пораки небесни,
земјата под него искри
благодарна.

Насмевка на старецот
кон старицата негова
за да продолжи векот
со цвеќиња...

кои контрастот од
брчките старечки го даваат
и огромната желба
за постоење.

8.

Секаде го гледам

писмото на овоштарникот
не е некое посебно
писмо,

читливо е и разбирливо
и ми дава за миг да сетам
нурната во длабините-
сега е вечност..

…бесценет е ликот во тебе
ликот од Создателот твој,
јас ти ја вестам убвината,
знај и јассум убавина!

9.

Скришум со мислите итам
кон него*, нерамни редови
патчиња, кој друг
живот ќе ви дава??

ил пак некоја друга земја
во мисли додавам
еден мал прозор,
матушки...

ме прегрна Тој во љубов
сигурна сум, -овде-
се населила некоја особена
планета, баш некако рамна...

и токму тој особен час
се оделотвори
тоа особено време
затропа, 4 часот е.

10.

Два кревети. Празни.
Љубовта бара чудно време
многубојно и небесно,
таа чекање бара.

Утро. Боите се разлеале
внатре во собчето,
малата населба си
ги познава своите.

Нема нарушеност на
постојната хармонија,
само Он така умее
тивко да не милува.

**Бел цвет**

Толку мирizлива белина
носи еден бел цвет
такво недопрено соѕвездие
на љубовта зачеток.

Милионите копнежи во прашниците
слеаните бели убавини на круната,
тајна и загатака во миг,
несокриени од ветрот задаваат.

Ливчињата крунски во нежни лакови
ја воокивируваат тајната на создавањето
толку небесна суштина во мало делче
е вткаена.

Мирува еден бел цвет
трепери една бела суштина
мало сонце во цветот
копнее...

**Врнеж**

Попладневна семиотика
и потполна осаменост,
осамнуваат во мери на летен дожд
кој извира во вжештеност.

Многу милно послепладне
кое ветува тивка молитвена
пронижаност на срцето
кое сака некако да се откорне;

се корне тоа одвнатре, се извива
се дави, плаче и повикува, но,
неприметно за другите
помалку и за себе.

Семиотика на спасението
преточена во летен врнеж,
во ненадејното грмење, на
разжуборените облаци,

на растепереniот бескрај
кој извира во тоа светкавење
можеби и од топлото зеленило
сега наводенето.

И тогаш миризливите пареи
на тоа згуснато лето, летниот
ветрец и божилакот
се балсам за тоа откорнато
од плач срце.

**Сив град**

Напрашени солзи
носи градот
и порзорски окна
наросени.

Солзите покој ќе најдат
во него, неутешни
патувајќи по улиците
ненадејно.

Сив град низ еони
избликнува, луѓето во него
не се само лица во
просторот наредени...

**Откривање на вековите**

Ах тие усни, песнопој ни
грапчат од скриени двери,
румена зрелост во мисли
разлеана ни дарат...

сеќавања безброј на тие
снижувања и извишувања,
на облиците, на сјајот
кој низ вековите потреперува.

Ах сестри, сестри, во милозвук
обвиени – секој двиг срдечен
се растреперува до вековен
бескрај...

во таа женствена среќа
на постоењето, кога
еоните складно
се откриваат.

**Зборови несушти**

Празнотија, ладнотија
аглите и рабовите меѓу
световите заробени во нас

во меѓупростори многу кријат,

отворени премини, простори
дупки и тунели, понирања
во времињата – говор на
скршено барде ил стомна;

задимени сенки, отрови
осамени чуства, изгубени
места, соништа леки
метежност сурова и груба,

Зборови како делови
на полубожества,
зборови непатни смерови
зборови игли и мечеви!

Зборови несушти, млаки
тегнеења и натегања на
крута саможивост
понорни низини без дно.

**Роза на исконот**

Розо мирисна чедна
го стигна ли ти оној сјај
што исконски ечи
како потпора небесна?

Отворено ли ти е окото
за она што тешко се гледа?
Розо убавице, напој се
од извор далечен!

Исечоци скудни баш
на овој вител немил,
бездивен поглед ти рушат
со врвови остри

налик на канџи лавовски
над непобитната сушност,
која во сила трепери,
непобедлива.

**Утро**

Утро во белини леки
*раждает сја*, кое
премавнало вриејќи,
сфери надумни ек

за вака чисто да се
збидне, во нарисани
душевни пејсажи
и пред очи да е.

Утро под снег осамна.

**Облаци - облици**

Премногу видени
во пловната небесна стварност,
а никогаш до крај
вообличени.

Вековни патници
од леки струни исткаени,
до потполна растворливост
во сѐ.

Одбелсоци на мигот
во таинставата покривки,
сведоци сино – бели
на можни светови.

**Пријатели на времето**

Каде да ве сретнам пријатели
искатели на времето?
Ќе ја пронајдам ли
страницата пожолтена

која за старост сведочи?
Во моето потврдување
пред вас саде некои
нестварни танци се плетат!

Токму во она блиско време,
(неодамна открив)
сум знаела кои сте и каде сте
срецето мое ве повикувало.

Необични пријатели мои
за кои времето е запечатено,
пријатели толку познати
за кои верба градев;

И мислев дека лицата ни се исти,
и мислев дека времето ни е исто,
и мислев дека не е безначајна
средбата наша ретка.

Плодни откровенија ми
даривте вие, во сиот ваш
живот подаден на безвремието
и копнеам во целост
другшка да ви се сторам!

**Константи**

Како да ве наречам
константи на мојот живот?
Не е залуден ли обидот
да ве одредам?

Ваша е оваа поетска слика,
која станува и моја сопствена
откога ги открив прекрасните
изрази и бои;

Одделени од мене и дар сте
и не некои случајни основи
на денот што мине,
туку некакво раслојување

во смислот.

И навистина во денот
е беспрекорниот облик,
а појдовни основи

за восприемање на

естетската сладост
се моите константи
кои се нижат во континуум
во сведоштвото за континуитетот.

**Ден**

Врвна естетико на созданието
јас ли те објавувам,
дал умеам и можам
но, поривот влече...

Беспрекорни златни покривки
откривам редум во бескрај,
само во еден ден,
вечни откровенија…

Ако бар еднаш како што
треба те доживеам дену,
ќе застанам, среде твоите
блескави наметки..

Ако те дожиевам доволно јако,
онака неминливо и трајно,
како ненарушлив облик на
на постоењето,

ќе знам и чуствувам:

Дека призивот да бидам
човек *со чело во вјеки*
сум го загатнала во
сета негова универзалност!

Дали си слава на созданието
дали  си фалба на светлината
дали си химна на убавината
кој би знаел...

Семирот во дарот на денот
се капе и сиот така облеан
во најнежните свои струни
и везови на поредокот,

ја изјавува славата на
неговата семоќна јатка
низ која одблеснува силата на
Оној кој пострада за нас
оти Љубов е!

**Повторување**

Имаат ли смисол овие
животни циклуси !?
До кога душата моја
ќе се сомнева...

по убост сонува кутрата
по целост и исполнување
а го бара ли на вистинското
место... во вид на некои

кругови и елипси
пресликувања и тонења
и упорно копнее
по потврдата на повоторувањето.

Смилосот внатре да го

побараме душо, во кружно
исткаените светови
кои преродени во духот

ќе се преобразат ако,
непрестајно го повторуваат
во неслиените естетски
длабодолини и висини,

умниот светлозрак
на внатрешното принесување
кон Оној Кој ја осветлува
историјата на сечовечкот
животен Домострој.

**Вода (** *Боја)*

Водо над небото
немирна и недостапна
отклонета и избрана
од онаа долната*

Засводена над небото
близначке на долните води,
сепак, твоите кругови сини
не допираат и нас нагрубените.

Твоето огледало одоздола
ти приоѓа во семирно синило
измешано во позлатени
нишки на радувањето.

Бои на радувањето
ве издига кон сферите наднебесни,
тој славопој нежен
на сите води на светот.

А мислам ли својата боја
во миг да ја слетам врз
плеќите на препознањето
отхранета вековно,

ќе ја дарам ли еднаш,
за да на остане засекогаш
во водите боја
во светлините боја
само боја, моја?

**Бел прозор**

Бел е прозоров

бела е рамката негова
во сните дни
синиte белини...

Слика - копнеж во агли
се распостила,
кога на старецот благословот
господари,

а блескотот на стварноста
замелушува,
и запрените филмови во нас ,
се толку многу
стуткани.

**Прозор замаглен во ноќта**

Знам дека кога врне
са - ноќ, небото
се поклонува,
се до мугри

Знам дека пареава
не прекрива
доблестно смерно
преку прозорот

**Будење**

Ненадејно од сон
ме повика стутулена,
сијалицата мене,
кога од зградата спроти
прозорот засветли,

за поклон страден,
чинам да сторам
за сета болка животна
достоен,

И свесно,
сјај на будна луна,
среде в ноќта
до мене да допре,
кога кон мугри плови,

синџири сребрени
аголот на прозорот
во бели рамки нуди,
поделени во преграбите

на ноќокап(и) на водата.

## Синиот лед

Највисоко, најдалеку
нај нај нај
се погоре и  погоре
патувачки

Осамни осами,
сини ледови- соѕвездија
не добивам ништо
не земам ништо

Прелевам нијанси
на реткоста
синиот прастар мраз
арс про арте

Зборувам за вештината
осветена
сиромаштијата
на срцето

## Зима и прозор
## (*балада за кревкиот снег*)

Оваа зима гледав
низ прозорите бели
кои се напукнати во рамките
издолжени и двојни
веќе старински,

*(речиси старински,)*
без лаци и неукрасени
но, прозори кои паметат
на ламарианите.

Ангелите на детството
повторно се родија
заедно со блескањето
на снегот, и редот со
древните елки е тука.

Оваа зима елкините дворци
се накитени  со сонот на домот
(*можноста да удомат)*
и низата од прозорите

си го доби вистнскиот смисол.

Оваа зима сите зими
од мојот живот побелеа
и зимувањата и скијањето(?),
прекрасните планини.

Како некој странец гледам
низ овој бел прозор,
дрво без лисја, агол од
зграда, а прозорот плаче.

**Плачот на прозорот**

Го пронајдов пејсажот
низ мојот прозор стар,
низ кој дури сега поглед
вперив за да видам.

Заплаканиот прозор мој
минутите и секундите ги брои
сите лица и маски заборавени,
сите впечатоци од подземјето.

Го гледам и низ него гледам,
вака за прв пат, толку јасно,
да, моето дрво без лисје
крај патеката нова, сегашна

трновиот букет крај аголот
од зградата кафено - сива,
мачките низ подрумите ја носат
старината на првиот снег.

Кревка е покривката,
ладна е зимата и долга,
мојот прозор плаче заедно со мене
овој неброен прозор.

**Бела соба**

Белите чадори ја побелуваат
и онака сосем белата соба
рефлекторите исто така

блеснува белата соба
исчекувајќи на знакот
кои и се дава

за да биде и остане бела
не само мигот да го впива
не само светлото да го преградува

бела собо бела бањо
со  исоп пороси ме!

### Збрани белини

од збор бела белина
од сен сенка сенчеста
од сон сонца дарени
од ден далги немирни

бел бела пребела
сенко сеновита
сонце ле сонне подарено
далго ле сестро палавице

капки ле од сонца далгини
сини ле синевни денови
бело ле ој ле бело езеро
под сенка ми сенчеста
сестрица уснила, заспала

на така ми убавица- сестрица заспана
да ми е да и подарам
да ми е да и нарисам
да ми е да и отворам
срце мое за тој збор

за тоа од зборови многу
саде од  златни ми алтани
саде сини синевини
зборче ми собрано, збрано

па да ми срца така
ко китки накитени
ко ели од горите
свежест од зорите
бидат

## Во скриен порив

### Пролог

Во скриен порив

откривање,
семожноста на здивот
го крие заборавеното.

Со брзина на мигот
темелност на разоткриеноста,
објавена, сакана, своја
интонираност.

**Контраст**

Тишина непоматена,
смиреност звуковна,
созвучие на вселената
во бескрајноста на спокојот.

Пукнатитните од светлина,
го тајат непоимливото,
се спушта мрак на
клепките на разумот.

Во почетокот шум,
ерозија на замиженоста,
едноставна причина
на постоењето.

**Гроздобер**

не водат деновите
од сонцево на гроздови
облеани

кон познати ил не толку
патишта познати
кон мирисите и облиците
на крајот на

овој гроздобер
од нивје разлетано
стреловито

ни подари сонцево негово
берба за втонеж
за мирисите на
даројте плодни

кај се заакало нивјево
по крајпатново ридје
кај што одмор од

сјајот гроздов има

(не ќе редам бои
туку сеќавања
за автобус на пат)

кон река во гроздобер
кон поетска срешта
со него обилниот
навестувачкиот

и се в(о) зеници ми
е скриено...

**Река во листопад, гроздобер и студен**

само река
чистота на патниците
никогаш во припек(а)
никогаш во бои

никогаш не ја видов
сосем доволно за да пијам
крштение в река
обновување

сите кај реката одат
зошто е весела
едноставно
таква е

и во листопад
и во гроздобер
и во студен

само...

по бојата на отпаднатите
листови, вина и ветрови
(жолти, цревни и бели)
се разликува

***Орхидејата од еден свиок на Амазон***

Тоа си ти
што непораснат
блескаш

со боите

на непронајдената
орхидеја од свиокот
на Амазон
тоа си ти

залудо се криеш
и престоруваш
залудо трепкаш и
трепкаш

сакајќи да се камуфлираш
не, ти не лажеш
тоа си ти,
те препознав

безумно, и лудо,
те препознав во
кадифето и нежно
лазурно виолетовата
боја како на орхидејата

таа го облева со миризба
страдалникот
која ја мачи истата мака како неа
таа исто така

е непронајдена

**Боите на орхидејата**
**(онаа истата)**

хербата и е толку
невообичаено зелена
нешто помеѓу
флуоресцентно и резеда

ги боде очите на неповиканите
гледољупци,
само страдалникот
знае да ја види,
непоматено

а, наметката на круната и е
 - од темно кафена
 - до темно лилава
густа, непробојна.

Искажува вискои речи,

знае да толкува, таа,
знае и да богослови
таа истата...

Ја научила маката,
на убоста нејна,
онаа која неискажливо
повикува на обнова.

И не секој знае да го
почувствува нејзиниот мирис,
единствениот, топлиот
тивкиот...

кој како фон, како исон
сведочи.

**Обликот на истата (орхидеја)**

стапало во облик музички,
твоето чудесно зелено
престорило
фуга

можам да го чујам
обликот над
стапалата
навален

смртта која не тера
да итаме по невозможното,
- ти - го бараш
(Н)его

обликот на дланките
несовршено совршени,
морето
мекоста

не, не ме плашат влакненцата,
дел од обликот на
правите линии,
во нужните мигови
осветлени

**Свилени уши**

Во овој свиток од  непознаници
чекорат војски и камења се тркалаат
градови се раѓаат и умираат,
иако не ги гледам, ги дофаќам.

моите свилени уши подарени
уво-ток и уво-слив, кормило
на лаѓата која плови во музикално море
од безброј семиња кои умираат за да воскреснат.

Семето на свилените уши е ретко
нарачано е од Холандија, одонде кај
што Ван Гог го погреба своето расечено,
исечено уво, неговото, единственото...
на уметникот кој тлееше.

Во оваа хартиена лепеза која
ги дочекува бранувањата,
на свиени форми се научивме
и *чув* на *видов* му го подредивме.

Свилените уши се шарени и жаднеат
да се наслушаат на катарсисот од античките драми,
во дамнешните граи на сливо-ушните театри
кругоисполнети и сити од срдечни дамари.

Синовите на Лев и Марија, богоисполнетите
богокопнежливите сеачи на свилените уши,
нè обдарија со нитки и нишки и совршени облици
на копнежот, кои нашите стари македонци

луѓе побожни, храбри во срцето со совршен
поj и глагол Творецот на сé да го опеат....
за да можат свилените уши срца мирни
во морето музичко да дочекуваат.

Во овој свиток лепливи хартиени мозаици,
името на љубовта, пловејќи по морето музичко
на кревки пердуви, нí бранува точејќи
строги но, медни изрази за неговото
тихо лулеење на милоста и мирот.

## Сината елка

Види, само погледни
како в зори небото
се раскршува во пурпур,
како мракот, под длето златно
разбегува.

Слушни, дојди наслушни
на сон устремен делчиња,

во бескрајот тивко изронети,
како да се раѓа некој нов свет.

Молитвно повикај ја,
мирзмата на расткајувањето,
непрестајната селидба,
разнобојната времена линеарност

Пој и опеј ја на
Синот овоплотен смерноста,
налик корита од лазурни
реки нетварни

*Вкуси и види - колку е Он*
*благ* - во дворојте на
сино - сребреникавите
треперни одсјајувања на сините
елки предвестуван.

**Црквата во Дојран**

(леки импресии)

Покров од сни небесни
крај каменест столбец
пред праг, смоква раззеленила
исткаен образ,
сенчест и светол.

Куполите обли - спокој
облици кои извираат
во кругот на езерото
кое само-прелевајќи се
полека замира...

Копнежот од контурите,
пренежните бои мозаични,
од него одрамени, сведоци се
за славата нејзина
мината и идна.

**Полжав**

Се свива еден полжав
море - полжав,
така броен патоказ,
извиена костурка.

Естетска романса е ова,

зелен бршлен накитен,
со микро - полжави,
едно гранче - еден
мал сребрикав полжав.

Костурки празни, како бре
опстојувате,
иако случаен поглед
одморате.

Знам песна на семето
му пеете,
привлекувач на дождот
преку под каменит.

**Булка во Стоби**

(очај на ситното и црвеното)

Ветер дувна и дожд вителен,
пролетва во Стоби,
си врнеше
над древни плочи камени.

Капка по капка паѓајќи над
светови кои серојат,
(капка по капка) се лееше
низ процепите.

Само дното, подот е
во ладните и мраморни ноќи,
свет отворен без прозорци,
сал со окна порозни...

Изникна булката црвена,
следното утро
ситна и мала,
сета цревенкасто стуткана
посилна од каменот,
- во Стоби!

**Прими ме**

Под твојот покрив
од необработена земја
прими ме, ако
можеш и ако сакаш!

Помислата дека е тоа твој
дом на срцето

ме упатува кај тебе
под покривот.

Пушти ме да влезам,
крокодилската кожа
да ја слечам
онаа тврдата.

Добрата земја посеј ја,
дождовницата е веќе насобрана
класјето на пченицата,
жолта сета -

никне во умот,
коровите скрами фатија,
непожелни се.
Зароси со вкус

на руменилото на плачот.
Врвовите на тоа класје
се лелеат во благост
во далечините непрегледни.

**Ова лето**

Како да осамнам
о душо за тебе,
напразно да не те
земам.

Сите спомени од ова лето
небројни, да ме храбрат
венци од вера, надеж и љубов
да ти исплетам.

Ова лето, земјава е земја на старци

Знам ми говориш
дека е можно, класјето
тоа ти го
прошепнало,

знам нивите проговориле
болката пропеала,
класјето налик на коса
која се лелее на ветрот.

Ова лето, земјава е земја на старци

**Земја на старци**
**(Вељуса)**

Истекува она синило по
скалите небесни,
на озонската дупка
и сплетовме џемпер

Истишената земја ја расадивме
секој нека има допир до неа,
имаше времиња кога таа
и за лек се сметаше...

Некој влезе сосем чисто
во оваа земја
редејќи ги своите приказни,
-некој случајно и тивко-

Оваа земја е излез
која ги надминува сите
желби за идеална туристичка
понуда...

2.

Елеватор на темно сина светлина
која струи како поток чист
во овој питок ден
на преселбите на сувите тревки.

Светло, сенка, оросување
мислиш не е до архитектурата,
туку во твојата сила/желба
се клизаш во спиралните скали на умот.

Дали е само до постојаниот
вечен допир, до движењето
напред и назад, горе и долу
по елеваторот/лифт или

си дел од синилото темно
од неземна светлост, и
незнаеш дали да бегаш
и дали си ти или некој друг.

3.

Трагав по она: чедо...
по она: синко, ме љубиш ли
по повратната врска на
љубовта – круг.

**Целувка**

На квадратест чаршав со црвени шари
на кој ветрот си поигрува со симетричноста
на аглите, се истури вазната со
расцветани божури врз него.

Садовите со недовршеното јадење
се исполнија со вода од дождот,
истурањето на вазната само го
предвести тоа полнење.

Лебди насмеана целувка врз асталот,
водата од вазната мириса на чај
а божурите ги разместија и кутнаа садовите
со својата од(с)виена пламена тежест.

Не се знае што е поцрвено, шарите на доламата
или жагорот на истурените божури
на кои впрочем и не им е место на софрава
која е незаштитена од ветрот, на чардак или в градина.

На недолеаноста, недовршеноста, неоткриенаста
на немото место на кое стои асталот,
целив на Бога допре, откога луѓето побегнаа
да се засолнат, да се покријат пред полнењето.

Бликна зрак над врвот на чистата кристална чаша
со гравури во вид на некои симболи,
бакнежот Божји стигна и кај нас
но, само еден го прими....

2.

Во леката рапсодија на ветрот и дождот
во неможноста да се наточи сечилото на времето
и кога срдечниот олтар исчекува принос
се случува поетската рожба.

Онаму каде што тајната на раѓањето
е секојдневие можеби случајниот минувач
сака со саксии да ја пресади и расади,
гатанката сокриена во свети Слова.

Расплаканото дете ѕирка од зад аголот на масата,
дождот и ветрот ја оставија миризмата на рапсодијата,
а, назбеното време пелтечи како детето
кое знае да ја допре раката на Творецот.

Старецот пак, кој ја познава тајната на раѓањето
ни раскажува за Божјиот целив...
немирниот ветер ја покажа својата питомост
играјќи си со отпаднатите огнени латици на божурите.

Дождецу кој си остана само вода
истурена, нејака, вода – храна на божурите
Вода – слап на поетска слика
предвестуваш бескрвна жртва на жртвеникот.

Во бесшумна темнина се раѓа
царот – умот, чија вода е Светлината.

**Репотажа**
**(Водоча)**

Пенливо телпортирам
диригирана согласност,
согласие со усамот,
удоволсто на у-сам-от

Лично и субјективно
теледиригирам содејство
на искреноста и обновувањето
на древните омами.

Часот на листокапите
или мерата на звучното лето,
во белозвучноста расте
стариот лен и коноп.

Се се врти околу подвижната
сцена, без автори,
сцена која се урива и гради
на ин – секто-љубие.

Рапидна е застареноста на
подводните подвижности,
може ли да се сноси
непреносливоста  (центар- срце??!!)

2.

Видени веди растат
на натапканава зачекореност,
екпертизи  на умот се таат
во длабочините на песокот

Симфонија каменита

тераси лулашки и надвишување,
на мермерен свод
лесно е да се параќаат пораки!

Следи го редот кој исчезнува,
естетското спознание испарува
само некакви заледени облици,
кондензираат во карамел.

Океанот од *Соларис*
служи за полевање на садниците
поточно неговата – вода –веда –
изоблично – вообличувачка.....

На дрвјата секоја гранка
израстува во различно годишно
време – time  - облик //?
настава за спознание.

3.

Изострената  олицетвореност
стрели и стрелки и шари/ки,
цвеќата од студените паркови
процветуваат огнено.

Во израмнетоста и измазнетоста
на камените прикази,
град од вселената
положен врз суварки од жолтите цвеќа.

Жедните лета набројуваат:
ееееј, тука сум

4.

Негирање на Вавилонската кула
а, сепак кула заквасена која разраствува
мирис кој го полева срцето со
тајната на ферментирањето

Негација на академската архитектира
а, сепак совршенство на облици и бои,
линииите се влачат во поредокот на каменитоста
на патеките кои трагаат по сонцето.

Антипод и антином на земниот раскош,
а, раскошта населена на спротивности,
сака да ни ја постеле распадливоста
и расипништвото, како немушта позиција

И таму,  во совршената геометриска поставеност

и излеаност на катчето- чардак,
мислите ни се заробени како во стакленица
или можеби самите кристализираат.

**Поглед низ харфата**

Одново го учиме веќе наученото
одново проодуваме
повторно прозборуваме.
Со првиот чекор

со првиот збор,
сликите на матните реки
во галеријата, на збиените чардаци,
со бистра вода не измиваат.

Гостинот на софра,
вечната елегичност кумува со
сите вкусови на красотата
разработени  во мимикрија.

Исчитано е словото на Природата
врамено дури и како
музејски експонат
а, белоста таа

каде е?
Во порите на миризливата Мајка
Природа;  kај насмеаниот даскал -
еротското спојување со неа
е примарното дејство.

А, потоа отскок, силен, вишен,
сите сме се збрале
околу Него
секундарно извишување.

О, ти која ги протегаш прстите
по жиците на харфата
им ја соопшти ли тажната приказна
на оние кои доаѓаат?

2.

Твоите бели, тенки, долги прсти,
кои ја излеваат таа нежна музика
врз татнежот на струните,
наизменично и ритмично...

една тивка песна испојуваат

преку која раката не полева
со роморот на дождецот
и екот на вековите.

Врз испраните во пенливи води
черги шарени и белите ленени кошули
седи онаа која го има дарот,
и го прати свирежот на харфата со песна.

Испеј ми еден Давидов псалм
Ти жено со долги коси
отвори ми ги внатрешните одаи
за покајание и опрост!

Шепотот на розите ме довикува
харфистке со кадрава црна коса,
мирисот на нероденитe рози и далги
во сецелна едност да бидеме!

3.

Стхиите го испеејаа првиот збор,
дрвјата и тревките,
птиците и рибите и сите животни,
а твојата песна харфистке со очи калеши,

пратена од татнежот на струните на харфата
која е позлатена и се протега
пред овој свиден театрон
како музичка тантела....

го испева првиот поj и збор на Адама,
онега кој по Ева копнееше
онега кој се радуваше и твореше
пеејќи ги првите имиња.

Пошироката од Небесата ти помага
мила жено која дарот го имаш,
на струната што татне
да ги протегаш прстите по жиците на харфата.

Татни струната за словото на Природата
а гласот на жената пее
неискажливи логоси, семиња и нитки
со погледот вперен кон красната Света Книга.

**Букет од срам и тага**

Ќе лажам ако ти кажам,
дека воцеловување нема,
ке мамам свирепо, ако ти велам
дека тоа на човека му е можно.

Ако ти речам верба во мене
да имаш и себеси сама
ќе се залудувам,
во мрак чамејќи.

Одговор стамен немам
единствен за тебе само,
потрага твоја пред
моето лице немо.

Не ми верувај мене,
на мигот не му се давај,
верувај му на Оној Кој
мигот го створи.

Те излажав тогаш,
правејќи се дека сум
самоука и дека
од своето нудам

Или можеби мислев ќе
бидеш доволно мудра?
Кој згреши, јас ли ил
немоќта на секој човек
блиска.

Но, сигурно Ти вистина
светска бараш,
овоземна убавина,
сколонста на луѓето,
нивниот насмев,
топлината туѓа.

Тешко е да се скршиш
порцеланот блескав и
лажовен да го фрлиш
и оние статуи срамни
и кумири и блуд и страст.

Срамот и тагата не ја криј,
Љубовта вочовечена не сака
трулежни бесрамни цвеќа
тлени миризби и маски
Тој букетот од срам и тага го бара.

**Милостива**

В Елеуса сум
збогум друм минлив
еве сум во *нун*

зум на круна дари

Зум и блиц и острина
моја Милостива
во мирна слика полевани
смерно свет(л)и

В Елеуса мила сестра
втренчи сили духовни
за премин над кули
силни благородни

Мало суво стапче
процвета, в ум
в сосем празен друм
а, сега расцветан

**Песна која тече**

Оваа ноќ, песна која тече
се роди
ноќва се преродија
сите води.

Песната небројна што тече
самата стана
еден слап од свилени
закрилени светови

Тој слап е предизвик
пред непознатото,
слапот на истекувањето
на почетоците!

Оваа ноќ се напоија
сите ѕвезди
од молкот на песната
што тече, некој рече...

**Куќата е само вечна рапсодија**

Скрено-отворените ромори
на езерото светло – сино,
езеро впрочем, полно со извори питки
прогласуваат крепка чистота.

Со дождовните отпечатоци
на сеќавањата, при биењето на

олуците кога врне, истура, капе
се се претвора во елегија, рапсодија,

театрон на отисоци и музика
излепени во колаж,
додека појот на прозорите
крстолики повикува.

Дали се чувствува водата
во гласот, додека пеам?
Дали умеам да го гледам оној видокруг
од параклисот крај куќата
која е само вечна рапсодија?

**Во малиот храм**

Се будиш толку лесно
како дете, пред тој пејсаж
на ширината која срцето
ти ја нуди..

Утро е, не многу рано,
боите на изгрејсонцето
се влеваат во малиот храм
кој лебди...

Вратата е подотворена, влези,
помоли се, крај икониве и
малите крстолики
прозори!

Во малиот храм се е толку мало
и присно и моето
чедо го чувствува тоа,
ова чедо на молкот.

**Мора да бидеш**

Мора да бидеш
како мало девојче,
како мал свиден ангел
дури и патиките да ти се
како на ангел..

Навистна мора да си,
како мал прозор отворен
за сите, како витраж
од морски школки.

Сведок мора да си
на бисерот скапоцен
на се поврзано со тоа -
*на се поврзано со истото-*

и да ечиш/лечиш
со крепост артемидина,
со стрелби лечебни,
со витост и крепост,

со рацете тенки и прстите долги
да ја нацрташ сликата
која Бог те повика да ја
нацрташ во себе.

**Епилог**
**(Мајка Богородица)**

Таа ни покажува, Таа не носи
Таа слушна и послуша
Таа - мера на на созданието
Таа - мерка на красотата.

Нежно ме погледна
во денојте скрбни и јас
кон Неа глед насочив
погледот и го следев.

Да, тоа е таа, Која
не ме заборави никогаш,
тоа е таа, по која отсекогаш
копнеев и жаднеев.

Очите Твои Богомајко
ме галат, тие најубави очи
зраци несоздадени леат
не тлеат, не пресушуваат
извори се!

*Ликот Твој, многу лица дари,*
*во него се породуваат*
*красотите, убостите*
*милостите*
*дните благословени...*

Има раце пренежни, мајчински
раце на кои гледам
раце кои зборуваат
мили раце.

Личните патокази и се

преобразени, душата
и телото и преминаа,
во Царството на Син и.

Таа постои во вистински
смисол,
Таа е мајка на сите нас,
но, присутна и страдална за

...децата на вселената,
децата и чеда на Црквата,
синови на Воскресението
да ги покаже!